**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 23 ноември и 03 декември 2021 година**

**Скопје, декември 2021 година**

**Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции** започна на 23 ноември 2021 година во 12.05 часот. Седницата се одржа во Собранието, во сала на Уставна Комисија.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски.

**Александар Николоски:** Добар ден нас сите.

Ја отварам Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции.

На почетокот дозволете ми да го поздравам присуството на Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската унија, Н.Е. господинот Милан Предан амбасадор на Република Словенија, земја претседавач со ЕУ, Н.Е. госпоѓа Анке Холштајн амбасадор на Сојузна Република Германија, Н.Е. господин Сирил Бомгартнер, амбасадор на Француската Република. Го поздравувам и заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања господинот Никола Димитров, како и сите членови на Националниот совет за евроинтеграции.

Денес е тажен ден за нас, во мое име и во име на сите членови, претставници на Националниот совет за евроинтеграции, изразувам сочуство до семејствата на сите загинати во денешната трагична автобуска несреќа која навистина нѐ потресе сите. Би ве замолил за едноминутно молчење во знак на сеќавање на жртвите.

Слава им.

Би сакал да најавам дека денес ќе работиме во скратен формат, ќе го усвоиме формално дневниот ред, после тоа ќе го поканам амбасадорот Гир да изврши една презентација на основните наоди во овогодинешниот Извештај за 2021-та година и тука би ја затворил седницата, со тоа што нема да ја затвориме, туку условно кажано ќе направиме пауза во работата, а ќе продолжиме да работиме кога ќе се создадат соодветни услови, односно очекувам денес и утре да бидат прогласени денови на жалост. Откако деновите на жалост ќе завршат затоа што сметам, а и е заеднички консензус помеѓу сите нас дека ова навистина не е ден за политички дебати, туку е ден за тага и за сеќавања на жртвите.

Констатирам дека на денешната седница се присутни доволен број на членови на Советот со право на одлучување, со што Советот може полноважно да одлучува.

За Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции го предлагам следниот дневен ред:

1. Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година, како и усвојување на записниците од Првата и Втората седница на Советот одржани на 7 јуни и 15 јули годинава.

   Ве молам дали има забелешки во однос на дневниот ред.

   Нема.

   Молам кој е за?

   Дали имаме против?

   Воздржани? Нема.

   Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Пред да почнеме со точката од дневниот ред, предлагам да ги усвоиме записниците од Првата и Втората седница која беа доставени на вашата електронска пошта.

Дали има забелешка по текстот на записникот од Првата седница на Советот одржана на 7 јуни годинава?

До колку нема, констатирам дека записникот е усвоен без забелешки.

Дали има забелешка по текстот на записникот од Втората седница на Советот одржана на 15 јули годинава?

Доколку нема, констатирам дека записникот е усвоен без забелешки.

Преминуваме на точката од дневниот ред, Извештај на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година.

Го поканувам шефот на Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија амбасадорот Гир, да се обрати пред Националниот совет за евроинтеграции, да го презентира Извештајот на Европската комисија за Република Северна Македонија за 2021 година. Амбасадоре повелете.

**Дејвид Гир:**

Почитуван претседавач, господин Николовски, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани пратеници, почитуван заменик претседател на Владата Димитров, почитувани амбасадори,

Многу е тешко во вакви моменти да се вратиме на вообичаеното работење и се придружувам на сочуствата за жртвите од оваа ужасна трагедија. Сепак се собравме овде и мислам дека е важно да го изложиме последниот предлог кој што Европската комисија го истакна во својот редовен извештај за напредокот на земјата за оваа година. Овој Извештај е однесен до претседателот на Владата, до претседателот на Собранието и претседателот на државата и заедно со заменикот претседател на Владата Димитров на 20-ти октомври го разгледавме кога беше објавен. Наодите од Извештајот беа широко покриени од страна на медиумите. Не беше возможно во тоа време да се појавам пред вас имајќи предвид дека Собранието не работеше поради локалните избори. Сепак денешната презентација овде во Собранието и пред Националниот совет за евроинтеграции сметам дека е важна прилика затоа што Собранието е основниот форум за јавната политичка дебата во земјата и исто така затоа што Националниот совет за евроинтеграции игра важна улога во собирањето на преставниците од секаде од политичкиот спектар во подршка на реформската агенда во насока на европските интеграции.

Почитуван претседавач и останати членови силно ве поттикнувам да преземате иницијативи како денешнава да промовирате консензус меѓу релевантните чинители во процесот на европската интеграција. Комисијата за европски прашања исто така ќе има важна улога во оценувањето на усогласеноста со нацрт законите со европските стандарди. Навраќајќи се на самиот Извештај за земјата целокупната порака која што е пренесена во Извештајот е дека Северна Македонија задржала стабилен и одличен ритам во усвојувањето на реформите, особено во клучните области особено како што е владеењето на правото вклучувајќи ја и борбата против корупцијата и организираниот криминал, но темпото на реформите мора да се одржи. Многу е важно дека Извештајот потврди дека Северна Македонија продолжи да ги исполнува условите за отварање на пристапни преговори со Унијата. Овој пат за прв пат во согласност со новата методологија Извештајот и неговите препораки се поделени по кластери. Навраќајќи се на првиот класер основите на процесот на пристапување како што знаете по усвојувањето на новата методологија ова е кластерот кој што се разгледува во секоја фаза на процесот. Извештајот ги одбележува напорите да се зајакне демократијата и владеењето на правото и заложбата да се испорачаат резултати во клучни области од основите на пристапниот процес. Акцискиот план 21 за борбата против корупцијата е подвлечен меѓу другите. Што се однесува до работата на Собранието и ова би го подвлекол затоа што се наоѓаме токму овде. Извештајот повикува на зајакнување на Собранието како форма за конструктивен политички дијалог особено во насока реформската агенда за европските интеграции која што беше спречено од политичка поларизација на која што се надоврза и пандемијата со Ковид 19 кој што имаше влијание врз неговото редовно работење. Собранието продолжи да ја исполнува

својата законодавна функција и надзорот врз извршната власт. Сепак се предупредува дека да се обрне големо внимание на забрзаните постапки кои што треба да бидат ограничени за да се обезбеди ефективен надзор и консултациски процес. Извештајот одбележува дека предлозите за внатрешните реформи на Собранието кои што беа усогласени за време на третиот циклус на дијалог Жан Моне во првиот дел од 2020 година сеуште чекаат да се спроведат. Навраќајќи се на препораките од овој кластер кои што пак зборуваат за надлежностите на Собранието важно е да се подвлече препораката за изборното законодавство и неговите промени на транспарентен и отчетен начин, имајќи го препораките на ОДИХР и ОБСЕ кога тие се објавуваат. Процесот на реформа на јавната администрација треба да го задржи темпото, вклучувајќи преку усвојувањето и спроведувањето на ревидираните закони и законите за јавната администрација, раководствата на организациите.

Што се однесува на владеењето на правото важно е дека секој нов закон за Академијата за судии и јавни обвинители да ја задржи Академијата како единствена влезна точка за судството и обвинителството за да се обезбеди правичен и прав пристап до овие институции. Препораките исто така повикуваат на усвојување на неколку законодавни измени и дополнувања на законите.

Уште една паралелна и многу важна задача е завршувањето на сите закажани работи и овој повик се однесува на сите политички чинители, Уставниот суд, Судскиот совет, Комисијата за антидискриминација, Советот и регулаторот на Регулаторна Комисија за медиумите и Советот за јавниот дифузер. Блиската соработка со организациите од граѓанското општество особено во цивилните и надворешните механизми за надзор на полицијата и разузнавачките е од особено значење. Исто така се одбележува и активната работа на неколку меѓупарламентарни групи во Собранието кои што помогнаа во промоцијата на темелните права, групите за Ромите, за родовата еднаквост, за ЛГБТ заедницата итн. сите направија голем придонес и Комисијата за меѓуетнички односи успеа да направи големи резултати оваа година, во годината кога ја одбележавме 20 годишната од усвојувањето на Охридскиот рамковен договор.

Сеопфатен напредок во неколку области се одбележани, поделени како што реков по кластери. Извештајот одбележува дека Северна Македонија е скромно подготвена за повеќето од областите кои што ги покрива кластерот 2 за внатрешниот пазар и кластер 3 за инклузивност и информатичко општество, даноци, образованието и културата и економските и монетарни политики. Извештајот препознава постигнувања преку усвојувањето на Националниот план за енергија и климатски промени, но потребни се дополнителни напори во областа на транспортот и собраќајот и подобрување на ефикасноста на економскиот инвестициски план кој што ќе се потсетите беше истакнат од страна на Комисијата во 2020 и да се забрза зелената агенда за Западен Балкан.

Дополнителни напори се потребни во кластерот 5 кој што покрива ресурси земјоделство и кохезија особено во однос на регионалната политика и координацијата на структурните инструменти.

Кластерот 6 се занимава со надворешните односи, земјата го зголеми своето усогласување со заедничката надворешна и безбедносна политика на Европската унија до 96%. Заедно со нејзиното учество во мисиите за управување на кризи на Европската унија земјата ја продолжи својата конструктивна улога во справувањето со мешовитите миграциски текови.

Драги членови на Националниот совет за евроинтеграции, на Самитот меѓу Европската унија и Западниот Балкан од октомври оваа година лидерите од Европската унија и Западниот Балкан ја реафирмира својата едногласна поддршка за европската перспектива на регионот опишувајќи ја како стратешки заеднички интерес и заеднички стратешки избор. Денес Европската унија останува најголемиот обезбедувач на финансиска помош на Северна Македонија и заедно со своите земји членки останува најголемиот

трговски партнер на земјата и извор на странски директни инвестиции. Овој извештај за земјата, за напредокот на земјата обезбедува уште повеќе докази за практичната подршка од страна на Европската унија за земјата по сектори на патот на евроинтеграцискиот процес на земјата. Овој дом има клучна улога во унапредувањето на оваа агенда и длабоко ја охрабрувам земјата вклучително и институциите и овој дом да соработуваат заедно со Европската унија во спроведувањето на реформите.

**Александар Николоски:** Благодарам.

Согласно тоа што и претходно го договоривме би сакал да се заблагодарам за присуството на денешната седницата.

Ќе продолжиме кога ќе се создадат услови. Уште еднаш сочуство до семејствата на сите кои што најтрагично го загубија животот. Благодарам на сите.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции што се одржаа на 23 ноември 2021 година заврши во 12.20 часот.

……………………………..

**Продолжение на Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции**

Третата седница на Националниот совет за евроинтеграции продолжи на 03 декември 2021 година.

Седницата се одржа во Собранието, во сала „Борис Трајковски“ со почетокот во 10.22 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше претседателот на Националниот совет за евроинтеграции, Александар Николоски.

**Александар Николоски:**

На денешната седница се присутни доволен број на членови на Советот. Имаме кворум за работа и Советот може полноважно да работи и да одлучува.

Клучните наоди по однос на Извештајот на Европската Комисија за 2021 година, на 23 ноември презентираше Н.Е. Дејвид Гир, шеф на Делегацијата на Европската Унија.

Дозволете ми на денешната седница да го поздравам присуството на Н.Е. г-дин Џулијан Васало заменик шеф на Делегацијата на Европската Унија, Н.Е г-дин Милан Предан, амбасадор на Република Словенија во Македонија, како и Н.Е г-дин Ото Граф, заменик амбасадор на Германија во Република Македонија.

Го поздравувам заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања господин Никола Димитров, кој што е член на Националниот совет.

Би сакал да ве известам дека Сојузот на стопански комори на Македонија достави номинација за претставник во рамки на Националниот совет за евроинтеграции, и тоа е господинот Трајан Ангелоски - претседател на Сојузот на стопански комори. Посакувам добра работа и во иднина да ја продолжиме успешно соработката помеѓу Националниот совет и Сојузот на стопански комори.

Ценам дека темата на денешната седница на Националниот совет е од големо значење и од интерес кај граѓаните и очекувам на седницата, членовите и претставниците на Националниот совет, заедно со нашите стратешки партнери од Европската Унија да отвориме поширока дебата, да дадеме придонес со идеи, предлози и размислувања за процесот на европска интеграција и нивните предизвици. Би сакал да потсетам дека

денешната дебата е предвидена во Планот на активности на Националниот совет за период јуни 2021 - јуни 2022 што се усвои на седницата на Советот одржана на 07 јуни годинава.

На почетокот го поканувам заменик претседателот на Владата задолжен за европски прашања и член на Националниот совет за европски интеграции господинот Никола Димитров да се обрати пред Националниот совет. Повелете.

**Никола Димитров:**

Благодарам претседателе на Советот господин Николовски. Почитувани пратеници, почитувани екселенции, драг Џулијан, благодарам амбасадоре што сте тука со нас во името на словенечкото претседателство. Пред се со оглед на денешните најавени случувања и тоа што токму поради трагичната несреќа ја прекинавме седницата што почна токму тој ден, дозволете ми уште еднаш да изразам длабоко сочувство до семејствата на жртвите и да посакам брзо и лесно опоравување на повредените на оваа страшна трагедија. Мислам дека е многу важно што и покрај сите предизвици, ги имаме многу како нација, со кој што се соочуваме. Денес имаме една ваква дебата за наодите и препораките на Европската Комисија. Помина еден месец веќе имаше јавни дебати околу ова, анализи, видувања од политичките чинители, пред неколку дена имавме една фокусирана дебата на извештај во сенка со поглавјето 27 животна средина и климатски промени од група невладини организации кој што се само организирале во една платформа 27 беше многу корисно за нас во СЕП. Јас мислам дека една од ретките работи за кој што сите се согласуваме е токму европската интеграција. Мислам дека тоа на некој начин ни го обединува македонското општество и во овој процес гледам шанса за заедничка работа и обединување при што политичката борба се разбира ќе продолжи да се води, меѓутоа посебно тогаш кога ќе се отворат пристапните преговори ќе има шанса и позицијата и опозицијата да се мобилизираат како што тоа го направија многу земји пред нас. Тука ја имаме преставена Словенија, тога го направи Хрватска. Пред неколку дена имав средба со шпанскиот амбасадор кој што исто така кажа дека тој период бил период на златните реформи во смисла на заедничко туркање. Околу почетокот на пристапните преговори сме зборувале многу. Денес мислам дека е подобро содржински во однос на оценките на комисијата по реформски сектори, меѓутоа неколку зборови за оваа работа. Самиот комесар Вархеји на прес конференцијата по објавувањето на пакетот за проширување кажа дека нашата држава, нашата Македонија, Северна Македонија мора веднаш да ги почне пристапните преговори дека тоа е геостратешки приоритет и интерес на Унијата и дека секое понатамошно одлагање само дополнително го загрозува кредибилитетот на Европската Унија и кај нас и во целиот регион. Со други зборови граѓаните се помалку им веруваат на Декларациите и ветувањата на Европската Унија.

Придвижувањето на процесот ќе биде потврда и дека пристапниот процес е процес кој подразбира исполнување на критериумите за членство при што напредокот на секоја земја се мери врз основа на сопствените заслуги а не со условувања и барања кои не се на линија а често се и спротивни на европските вредности, ако Европската Унија истовремено е заедница на европски вредности а не само еден џиновски пазар. Пред неколку години во 2017 година Комисијата го смени концептот на известување и ги направи извештаите споредливи. И во однос на извештаи за една иста земја во различни години, и во однос на извештај на една земја со друга земја во регионот.

Настојувајќи преку опис да воведе тоа што мислам дека навистина ни треба на Балканот а тоа е една реформска трка. За мерењето на ниво на подготвеност во СЕП се користи на линија на овој концепт на комисијата следнава методологија. Комисијата употребува пет нивоа на градација за вкупна подготвеност за членство и градација за напредок во извештајниот период од една кон друга година. За вкупната подготвеност рана фаза 1, одреден степен на подготвеност 2, делумна подготвеност 3, добро ниво на подготвеност 4 и многу добар степен на подготвеност  со оценка 5, додека пак за мерењето

на напредокот користи шест нивоа на градација назадување, нема напредок, ограничен напредок, одреден напредок, добар напредок и многу добар напредок.

Согласно анализата направена во Секретаријатот врз основа на оваа стандардизирана методологија за вкупната подготвеност на земјата за отпочнување на преговори меѓу другото инаку ова е подготвеност за членство нашата вкупна подготвеност за 2021 година е 3.11 или описно добро ниво на подготвеност , односно иста оценката како и за 2020 година. По кластери согласно новата методологија состојбата е следна. Ние имаме најголема подготвеност од било која земја во регионот со средна оценка 3,02 дури во однос на земјите кои што се седум или осум години веќе во пристапниот процес. Србија има средна оценка 2,68 и Црна Гора има средна оценка 2,83. Овој кластер како што знаеме е сржта на политичките критериуми во смисла на демократија , на слобода на медиуми, на владеење на правото, борбата против корупцијата и организираниот криминал. Се отвора прв, се затвора последен. Имаме солидно ниво на подготвеност во кластерот 3 конкурентност и интензивен раст. Тука сме на исто рамниште со Црна Гора и со Србија. Црна Гора ги има веќе отворено овие поглавја, а Комисијата во овогодинешниот извештај предлага до Советот отворање на кластерот 4, кластерот 3 пардон за Србија. Истото го прави за кластерот 4, каде исто така зелена агенда и одржлива поврзливост сме исто рангирани со Србија. Кај кластерот 2 сме нешто подолу од овие две земји. Внатрешен пазар можеби можеме и подетално во тоа да одиме. Кластерот 5 ресурси земјоделство и кохезија. Тука сме исто така прво рангирани во регионот со средна оценка 2,80. Двете земји кои се во преговори имаат средна оценка 2,6. На некој начин ова не треба да не чуди ние сме многу долго време во процесот. Го почнавме веднаш по Словенија, не можеби не баш веднаш меѓутоа по Словенија а пред Хрватска. Земја кандидат сме веќе 16 години. Првиот позитивен извештај го добивме пред 12 години и во таа смисла низ имплементацијата на Спогодбата за стабилизација и асоцијација имаме солиден степен на подготвеност.

Во администрацијата имаме капацитет кој што за жал ни е изморен од ова вежбање на трпение. Пред години и години наши државни службеници беа вклучени во обуки во земјите кој што сега се во процесот се сеќавам многу конкретно на пример за поддршката што ја дававме на црногорските колеги помагајќи во обуки во Подгорица. Затоа разбирлива е и реална оценката на констатацијата на Европската Комисија дека цитирам: Земјата продолжува да ги исполнува условите за отворање на пристапните преговори, властите јавно ја демонстрираат својата цврста посветеност за напредок на земјата во нејзиниот пат кон Европската Унија, Комисијата ги препознава конкретните резултати кои ги постигнавме особено во областите од кластерот темели. Ако од друга страна кога зборуваме за напредокот, значи колку сме мрднале во овој извештаен период во споредба со претходниот имаме извесна, имаме благо намалување на динамиката и средна оценка за истиот период изнесува 2,83. Мислам дека е очигледно дека ни треба еден поттик, ни треба почеток на пристапниот процес што ќе влијае на мотивацијата на службите, мотивација на државните службеници и воопшто ќе има потенцијал да ја смени комплетната политичка атмосфера во државата. Од аспект на малку со бројки, можеби ќе звучи математички, меѓутоа мислам дека дава една слика. Извештајот за 2021 на Комисијата е балансиран има вкупно 1357 наоди, односно констатирани позитивни поместувања. Има области каде има потреба од дополнителни напори односно гапови и тие се 771 измерено во бројки или Комисијата има 57% пофалби и 43% препораки односно укажувања дека треба повеќе, дека нешто не е направено итн. итн. Најмногу од овие препораки се нотирани токму во кластерот зелена агенда и одржлива поврзаност. Вториот кластер е внатрешниот пазар. Без намера бидејќи многу од препораките се однесуваат и на извршната власт, ќе зборувам и за тоа, меѓутоа мислам дека сме тука во Собранието важно е да укажам на важноста да се донесат некој од, да се донесат законите кои што имаат очигледен европски контекст и предзнак. Наведени се во Извештајот на Европската Комисија. Доста има во собраниска процедура. За некои веќе подолго време чекаат да поминат низ комисиите, пленумот, дебата, гласање итн. Самото

Собрание исто така е предмет на Извештајот. Мислам дека Амбасадорот Гир кога почнавме на тоа се осврна, не знам дали има потреба тоа да го повторувам меѓу другото нотирана е и улогата на опозицијата дека има поддржано дел од важните легислативни чекори во контекст на европеизацијата или европската интеграција. Забележана е неговата зајакната улога како форум за политички дијалог.

Споменат е дијалогот Жан Моне и важноста од спроведувањето на внатрешната реформа во Собранието. Од законите што мислам дека сум должен да ги споменам. Законот за буџети, Законот за системот за јавна внатрешна финансиска контрола. Тоа се закони кои што се важни од аспект на отчетот на транспарентноста за трошењето на јавните пари, на парите на граѓаните. Тука е и Законот за финансиска стабилност, Законот за изменување и дополнување на Законот за матичната евиденција кој што се бави со правните последици од една пресуда на Европскиот суд за човекови права во Стразбур, Законот за Академија на судии и јавни обвинители, измените на Кривичниот законик, измените на Законот за граѓанска одговорност, за навреда и клевета и ако има интерес каде што седам има и листа со сите закони кои што се во Собранието а се споменати и препорачани од страна на Европската Комисија. Нешто што долго време се мачиме да го завршиме како држава е именување на членовите на советите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на Националниот радиодифузер. Сегашната правна рамка бара компромиси тука и двотретинско мнозинство. Огласите колку што знам се објавија и мислам дека во овој дел ќе помогне ако најдеме волја на сите страни таа работа да ја завршиме бидејќи и мандатите на претходните се веќе спорни временски гледано. Споменав дека голем дел од препораките се однесуваат и на извршната власт. Главниот фокус е зајакнување на извршувањето, неодамна во Белград некој кажа дека целиот регион па и не само нашиот пати од болеста на спроведувањето. И тука спогодувањето на правната рамка, на стратегиите, јакнење на административни капацитети, обезбедување на финансиски средства, пристап до информатичка технологија и зајакната координација на институциите. Ние веќе посветено ќе работиме во ажурирање на нашата реформска агенда Европа дома. Врз основа на препораките од Извештајот и исто така ќе се ажурира и Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија односно матрицата на активности и законодавниот анекс. Има ако си дозволам да бидам сосем отворен дури и овој Извештај покажува дека пристапниот процес не е магично стапче и нема да ни ги смени работите преку ноќ. Тоа што ние сме во ситуација многу години да имаме надеж па да се разочаруваме итн. чекајќи да почнеме пристапни преговори што често во јавноста мислам не сосем прецизно го викаме датум. Нас ни требаат пристапни преговори. Ние сме добивале датуми па не биле исполнети ветувањата. На пример Европскиот совет во јуни 2018 ни кажа го трасираме патот да ги почнете преговорите во јуни 2019 година. Тоа е еден вид датум, но кога дојде јуни 2019 години ни рекоа. Не можеме сега да одлучиме. Ќе одлучиме во октомври 2019 година. Во октомври 2019 година немаше одлука и конечно имаше одлука во март 2020 година. Значи тоа што нас ни треба е почеток на пристапни преговори.

Тоа што тоа ни се одложува прави еден впечаток дека штом тоа ќе се случи работите ќе се сменат преку ноќ, работите нема да се сменат преку ноќ и тоа што сме споредливи со земји кои што се веќе во преговорите, години наназад укажуваат дека преговорите нема да бидат магично стапче туку тие се реформска алатка и зависи од нас тука од политичката волја но и од капацитетите на администрацијата како ќе си ја средиме земјата и колку ќе ја користиме оваа реформска алатка. На работата дома никој не може да ни стави вето некако сакам да одам и кон таа дебата но не сум сигурен дека ни треба, ако вие сакате во вашите коментари евентуално ако има и прашања се разбира сум расположен и за тоа да зборувам. Ама некако има чувство дека ќе си помогнеме ако се фокусираме на тоа што зависи од нас, а работата дома апсолутно зависи само од нас контекстот е битен, перспективата е битна, ентузијазмот е битен. Меѓутоа оваа работа дефинитивно европеизацијата на македонското општество зависи од нашето општество и барем за оваа

работа мислам дека имаме апсолутен консензус и од малите до големите политички чинители.
Благодарам на вниманието.

**Александар Николоски**:

Ви благодарам и јас.

Сега би сакал да ја поканам г-ѓа Соња Мираковска, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции да се обрати и ја отворам дебатата сите кои што се заинтересирани да се вклучат во дебатата ги поканувам да се пријават кај надлежните служби од Собранието со цел да можам да ви дадам збор. Повелете.

**Соња Мираковска**:

Благодарам претседателе.

Почитуван потпретседател на Влада господин Димитров, почитуван господин Џулијен Васало, почитувани амбасадори, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани присутни.

Навистина претставува задоволство што на денешната седница можеме да подискутираме за Извештајот на Европската Комисија за напредокот на земјата за 2021 година. И да се преслушаме до каде стоиме на овој наш долг и макотрпен пат, да го поздравиме сработеното и да се посветиме повеќе на она за кое имаме укажување дека се потребни понатамошни напори за негово подобрување. Како наш долгогодишен партнер Европската комисија преку овој документ како и секогаш се обидува преку објективно претставување на актуелната состојба да не поддржи во нашите реформски напори да напредуваме од фаза во фаза до нашето полноправно членство во Унијата се разбира. Извештајот за оваа година јасно покажува дека како владејачко мнозинство сме ја покажале нашата посветеност во спроведувањето на предвидената агенда и како многу години наназад ја добиваме нејзината препорака за почеток на преговорите за членство. Доколку резимирано се осврнеме на оценките за напредокот на земјата во сите поглавја можеме да констатираме дека земјата во најголем дел се наоѓа во напредниот дел од скалата на оценување што за нас претставува мотив плус да продолжиме со предвидените реформи. Јас би се осврнала на неколку сегменти од кластерот фундаментални или основи или темели како сакате, особено напредокот кои констатира со донесеното законодавство и зајакнатата независност на судството преку спроведување на стратегијата за реформи во правосудството, преку препораките на Венецијанската комисија, спроведување на препораките на Венецијанската Комисија и на високата експертска група за системски прашања за владеење на правото. Тоа е уште една потврда за правилните чекори кои се преземени и во оваа комплекс на област од сите чинители, секој во својата улога се разбира, законодавната, извршната и судската власт. Исто така особено за поздравување е потврдниот позитивен за одржување на стапката на решавање на судските предмети од 100% и значително намалување на недовршените случаи според старите законски процедури. Проблем кој не беше надминат со години во минатото, а од друга страна давање приоритетна постапка на медијација за која исто така постои нагорен тренд споредбено со 2019 година.

Тука би го издвоила и напредокот за борбата против корупција особено пресудите и отворањето на нови случаи на високо ниво, инклузивните процеси кои беа преземени за донесување на потребната национална стратегија и проактивната улога на ДКСК како институција потпомогната преку донесениот нов Закон за лобисти со кои ги проширивме нејзините надлежности со одговорноста со водење регистар на лобисти - лоби организации, исполнување на голем дел на препораките на ГРЕКО.

Како владејачко мнозинство посветуваме големо внимание на заштитата на фундаметалните права, за што соодветно беше констатирано дека правната рамка е во согласност со европските стандарди за нас, од особено значење беше обезбедување на правната рамка за заштита од дискриминација насилство на жените и семејното насилство, превенција од тортура, заштита на личните податоци, области на кои посветено се работеше на изминатата година бидејќи сметаме дека правата на поединецот и нивната заштита се значаен темел на едно демократско општество.

Секако нашата задача останува да продолжиме со надминување на состојбите кои се точно наведени и за кои треба да продолжиме да работиме и во периодот што следи. Сметам дека во тој дел нема дилеми и ќе продолжиме со истата динамика како и до сега и ќе го оствариме потребниот напредок во тие детектирани области, сепак останува едно прашање за кое треба да се инвестираат напори да се надмине и на тој начин. Европските институции на дело да ја докажат нивната геостратешка инвестиција за обединет и просперитетен континент и напредок во процесот на европската интеграција според постигнатите резултати. Ова е од повеќе аспектен интерес за самата Унија пред се, една можност да се даде приоритет на европеизацијата на регионот, а да не се дозволи така наречените историски вета да ги обесхрабрат или да ги обременат интеграциските процеси на земјите кандидати, партнери од Западен Балкан. Фрустрацијата и кај политичарите и кај граѓаните расте, а доказ за тоа се последните политички случувања во земјите кои пред малку ги наведов од целиот регион.

Затоа искрено се надевам дека наскоро ќе можеме заеднички да славиме во една следна фаза со нашите европски пријатели, а ние како Национален совет за евроинтеграции ќе продолжиме да работиме со сите релевантни чинители од општеството со цел на овој процес да му дадеме поголема транспарентност, квалитет и да понудиме долгорочни одржливи решенија за донесеното законодавство.

Ви благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас.

Кај мене се пријавени госпоѓа Рина Ајдари, господин Љупчо Пренцов и господин Зекир Рамчиловиќ, доколку има и кај останатите интерес слободно пријавете се,.. и госпоѓа Гордана Сиљановска Давкова.

Би сакал да ја замолам госпоѓа Рина Ајдари да се обрати, повелете.

**Рина Ајдари**:

Почитуван претседателе, почитувани присутни.

Годишните извештаи на Европската комисија за оваа година се претставени или на пристапот од новиот методолошки пристап за преговорите кои што се донесени од Советот на Европската унија во март 2020 година. Според последниот Извештај за Република Северна Македонија што се однесува на политичките критериуми државата има одржлив критериуми за спроведување на реформите во целост. Во извештајот се напомнува дека агендата на Владата “Европа дома “и Акцискиот план 2021 година докажува дека Владата е решена да ги спроведе стандардите и европските вредности во секој сегмент на општеството создавајќи доволно клима за да се продолжи со важните реформи во клучните области. Според нив на граѓаните треба да се подобри животниот стандард и да се напомене дека Република Северна Македонија го заслужува местото во Европска унија и дека нормално и припаѓа на државите и на народите кои што се во Европската унија.

Законската рамка за заштита на човековите права е во согласност со европската рамка и прогрес е достигнат во Законот за заштита и насилство врз жените и врз семејството со поддршка на неколку странки. Имало и подобрување во заштитата на

правата на жените, бидејќи жените се дел од категориите кои што се погодени повеќе од пандемијата.

Од страна на Европската унија се бара да се  спроведе законската рамка во целост и да се надминат нови измени. Значи, повеќе  да се  работи за конкретни резултати.  Во извештајот се напоменува фактот  дека државната Комисија  за спречување на корупцијата е поактивна во заедничката борба за спречување на корупцијата и да има конкретни резултати и видливи  но не доволно.

Според извештајот Република Северна Македонија има одреден прогрес во слободата на  изразување. Во оваа средина е доволно за слободата на медиумите и има критичка област но дејноста е многу повлечена поради пандемијата. Само уредувањето на медиумите треба да продолжи  кои што ќе следат со конкретни  чекори во унапредувањето на професионалните стандарди на новинарите. Според ова финансиска состојба на медиумските куќи,  кои што ги имаат на располагање се доведува во прашање за своите интегритет и слобода. Уште понатаму се бара од локалните органи кои што треба да ги употребат националната стратегија една општество за сите и меѓу културно  комуникација за да се подобри заедниците кои што не се  мнозинство останува се уште во ниско ниво. Македонија има унапредување за  економијата на пазарна економија и функционална економија иако во овие моменти е многу допрена од  пандемијата. Владата  постигна да ги достигне предизвиците од Ковид 19 имајќи да направи прогрес во  фискалните и структурните  промени и во оваа економска управување  за да ги намали ефектите од пандемијата. Март 2020 и 2021 имаше 5 пакет на мерки кои  што го ублажија ефектите од економски  и социјален аспект. Тоа  што се обидите треба  да  продолжат според извештајот за државата да ги забрза реформите во образованието нивото на нивната  професионално формирање и да има посебно внимание во високото образование. Во моментот е реално  е напомената како најчувствителна област.

Добрите односи  со соседите и регионалната соработка е една од важните клучни работи за европската  интеграција на нашата држава и да имаме една доволна добра криза за да се решат проблемите и наследството од минатото. Нашата  држава е вклучена и во многу  соработки слободна трговија на европската на југоисточна Европа  за транспорт, за соработка со југоисточна Европа и  регионален развој.

Извештајот од друга страна остава да видиме дека зелената агенда за Западен Балкан  сака да каже дека е пропорционална со цела Европа и создадена  за Западен Балкан и целата е дека сите предизвици со  животната средина и за климата во регион  да се  вратат како  реална можност за граѓаните. Зелената агенда има  заеднички дејствија кои што ќе помогнат за социјално економски развој на државата и за зелена агенда  во целиот регион на Република Северна Македонија.

Дигиталната трансформација е во регионална соработка на унијата бидејќи е еден мост за поврзување помеѓу нас  и другата Европа и една сила кои што е  движечка сила за пазарот на Европската унија и сигурно дека ќе ни  помогне  да ја задржиме нашата младина во нашата држава што е многу важно  за нас. Усогласување на законите со Европската унија еден историски момент на работата на Секретаријатот за европски прашања бидејќи постојната структура на државата за  преговорите  со  Европската унија  бара целосно да се усогласи со новата методологија за членство. Нешто за што ние треба  да работиме цело време. Процесот кои што го започнавме за членство на Европската унија докажуваме е дека нешто што мора да се направи и радикални промени да имаме и  тешки ситуации  и да се усогласиме и амбиентирање со  Европската унија  да направиме компромиси на сите овие треба да бидат на функција на  општествено економски политичко трансформирање кое што е многу важно и потребно. Од друга страна сакам да напомнам дека да очекуваш толку долго пред вратите на унијата и ова  не е решение, бидејќи  продолжува да се зголемува разочарувањето  и да се нема надеж  за подобро и одржлива  иднина. Овој процес исто така бара  компромис од  Европската унија, ова го кажувам бидејќи последниот извештај на

Европската комисија според содржината и пристапот не се разликува од извештаите од другите години, затоа што треба да се загрижи Европската унија и сигурноста на западниот Балкан и на цела Европа. Во целост Комисијата напомнува дека одложувањето на почетокот на преговорите кои што е напомнато во овој извештај негативно влијае во уверувањето кон Европската унија и ја ризикува позицијата и влијанието во Европа. Значи се покажува дека проблемот помеѓу Бугарија и Македонија да се решава како приоритет и првата меѓу владина конференција да се одржи пред крајот на оваа година. Со други зборови Комисијата предлага да се реши проблемот со согласност со двете страни. И тоа да се случи во текот на претседателството на Словенија. Значи ова треба да се уреди политичкиот и економскиот статус на државата во кои што се наоѓаме покажувајќи го патот каде треба да биде нашиот фокус како држава во следните месеци. Но, имајќи предвид тешките реформи бараат многу политички инвестиции и дополнителна енергија од сите страни кои што не можат да се постигнат без започнување на преговорите како еден потик за поголемо унапредување во земјата во спроведувањето на реформите. При завршување ние треба да бидеме свесни и мислам дека и верувам дека сведоците од Европската унија се свесни дека Европската унија не е совршена, но Европа е подобро со тоа отколку без. Дека оваа унија со оваа консолидација нема да постоеше така многу личи на тоа како граѓаните и нациите од Европа кои што беа во ситуација кога би биле во тешка ситуација бидејќи и во текот на историјата го кажале дека биле во тешки ситуации заради фактот дека Европската унија е проект на мирот и на безбедноста и на војните конфликти и меѓуетничките омрази. Ви Благодарам.

**Александар Николоски:**

Благодарам и јас.

Го поканувам господин Љупчо Пренџов да се обрати, повелете.

Само да напомнам господин Пренџов покрај што е член на Националниот совет е и претседател на Комисијата за надзор на работењето на Агенцијата за разузнавање и Агенцијата за безбедност. Повелете.

**Љупчо Пренџов:**

Благодарам претседателе, почитувани граѓани, почитувани екселенции, почитувани пратеници.

Во интерес на големиот број на пријавени дискутанти ќе се обидам да бидам краток и да ги сублимирам моите видувања во врска со овогодешниот извештај на Европската комисија и каде ние како Собрание се наоѓаме во алката наречена интегрирање на државата во рамки на Унијата.

Ќе започнам се разбира од Собранието, она кое што сакам да го истакнам со задоволство е тоа што во кластерот темели, демократијата, Собранието вели дека опозициските партии останаа активно вклучени во Собранието и ги подржаа клучните закони поврзани со Европската унија, дека Македонија ја покажа својата посветност да постигне резултати во клучните области од кластерот темели, вклучително и преку агендата Европа Дома Акција 21 за борба против корупцијата. Беа превземени мерки за заштита на јавното здравје спречување на пандемијата. Од оваа говорница сакам да порачам и тоа дека опозицијата во Собранието, коалицијата Обнова на Македонија предводена од ВМРО ДПМНЕ секогаш ќе стои позади европската агенда, секогаш ќе стоиме позади европските вредности и секогаш силно ќе ги подржуваме европските интеграции на Република Македонија бидејќи ние како држава како граѓани друга варијанта немаме. Сакам да истакнам и тоа дека сум горд што за разлика од претходниот извештај каде што Комисијата за надзор на Агенцијата за национална безбедност и Агенцијата за разузнавање која што ја има опозицијата и за која што имам прилика и можност да претседавам од јасно изразена Комисија со негативен ефект и негативен учинок за една година е јасно изразена Комисија во рамки на Собранието со позитивен ефект и позитивен учинок што како опозиција ни дава

дополнителен мотив од страна на Комисијата да продолжиме да помагаме во приближувањето на државата кон европската агенда. Она кое што во Собранието ни е еден од основните проблеми и еден од основните причини за работите навидум да одат бавно го има напишано и самата Европската комисија која што вели дека од вкупно 159 донесени закони во една година, 67 закони се донесени во редовна постапка, а 79 закони во скратена постапка. Тоа е забелешка пред се до пратеници, колеги од позицијата, бидејќи Владата која што позицијата ја предлага за една година 67 закони во редовна, а 79 закони во скратена постапка. Се надевам дека следната година и следниот извештај ова ќе биде поправено, а ние како опозиција ќе продолжиме да се бориме да имаме европски вредности, да имаме инклузивни закони, да имаме закони кои што ќе имаат широка јавна консултација со засегнатите страни и целните групи за кои што ги носиме закони бидејќи бадијала се носат закони ако целната група констатира на кои што се однесуваниту знаат, ниту се информирани.

Во Собранието на Република Македонија ноќеска на полноќ заврши амандманската расправа за Буџетот како најстратешки документ кој што излегува од ова Собрание и морам да констатирам дека она кое што го зборуваме 10 дена во Собранието стои во извештајот, а тоа е ставките за договори на дело, ставките за привремени вработувања, истите се овдека напишани дека постапките за договорите на определено време и договорите за дело се пониски критериуми продолжуваат да се користат често, се заобиколуваат критериумите утврдени со закон за административни службеници, дека критериумите за отпуштање треба да бидат потранспарентни, голем број на високо раководни позиции се потполнети со в.д. директори, така што генерално и тука сме на иста линија со Европската комисија.

Економијата е многу важна, по економијата образованието и правото и правдата се многу важни за било која држава која што сака да оди чекор напред. За да одиме чекор напред мораме да имаме силна економија и силни капитални инвестиции кои што ќе гради силно стопанство и приватен сектор. Тоа ние го критикуваме дека го немаме, истото го пишува и во Извештајот каде што се вели дека капиталните расходи се намалени при ревизијата на Буџетот, тоа е ребалансот за да се создаде простор за трансфери поврзани со кризата, но сепак во голема мера беа недоволно реализирани.

Вториот столб кој што за мене и клучен е столбот на образовниот систем, бидејќи без добар образовен систем ние не можеме да се надеваме на подобра иднина. Треба да работиме сериозно сите и власт и опозиција да овој термин кој што го пишува тоа е реформата на образовниот систем е бавна и има голема неусогласеност на вештините кои што се бараат. Тоа го вели Комисијата, тоа го знаеме и ние и ова е уште еден столб на кој што ќе мораме и власт и опозиција да работиме бидејќи тоа им го должиме на граѓаните кои што не гласаат.

Следна работа која што исто така е многу важна и сакам да ја истакнам од Извештајот е иновациската дејност која што е тесно поврзана со образованието, а овдека вели дека имаме само 0,4% од бруто домашниот производ расходи на стопанството одат на истражување, иновации, се надевам дека и ова ќе биде столб за следна соработка.

Регионалната собраќајна поврзаност се вели дека напредува бавно, како што кажав и во мојот вовед, тоа се преставува еден синџир, ние сме една битна алка во тој синџир, а оди бавно затоа што во капитални инвестиции и проекти Буџетот од страна на Владата нема и затоа не можеме да имаме соодветна сообраќајна поврзаност за развој на економијата.

Она кое што е исто така многу важно, а е поврзано со современите текови на 21 век тоа е дигитализација на стопанството, каде што имаме многу слаба оценка и мораме да видиме тука како понатаму, бидејќи како што се вели дека имаме во споредба со Европската унија многу, многу, многу голем простор између нас и Европската унија во врска со дигитализација на стопанството.

Она кое што исто така треба да се обрне внимание странските инвестиции за разлика од земјите во регионот за жал почитувани колеги ние се наоѓаме на дното и тоа е многу

важно затоа што еве се вели структурата, трансформацијата и економијата и натаму ја водат странските инвеститори активни во производство со повисока додадена вредност каде што ни кажува дека оние кои што стопанството ќе го водат напред и во дигитализација и во откривање на нови пазари и во пробивање на нови пазари се токму оние големи странски компании кои што отвораат филијали во Македонија, така што генерално во интерес на времето не би сакал да одам ставка по ставка, работите ги знаеме, ни се јасни, познати ни се. Единствено што треба да направиме за да имаме подобри оценки следната година, а тоа да имаме една соработка базирана на принципи и вредности, а не соработка базирана на тесно партиски и лични интереси. Да носиме закони во ова Собрание со кои што ќе ги подобруваме сите оние крупни забелешки и помалку крупни забелешки од страна на Унијата, а помалку да носиме закони кои што се однесуваат на 2, 3 , 5 или 8 познаници на власта.

На крај јас добив Извештај со компаративен преглед од страна на Европската комисија, тоа за нас пратениците го работи Парламентарниот институт. Тој прави анализа согласно дадена методологија од 2009 до 2021 година и сублиматот на мојата дискусија е дека оценката на Европската комисија за Македонија во оваа година е далеку под просекот кој што имаме во последните 12 или 13 години од кога не оценува Унијата. Вкупната оценка гледајќи од 2009 до 2021 година според анализите на Парламентарниот институт во ова Собрание се далеку под просекот.

Јас ви благодарам за вниманието и се надевам дека како пратеници во иднина ќе имаме можност повеќе да зборуваме за овие забелешки, да ги поправаме, следната година да имаме подобри резултати и да имаме искрен и чесен однос и кога сме сами во ова Собрание и кога има телевизиски пренос и кога нема. Прво треба да се европеизираме во нашиот мајндсет, прво треба да си ги смениме навиките во ова Собрание, а потоа верувајте дека извештаите ќе бидат се подобри и подобри бидејќи тоа ќе му доаѓа природно. Благодарам.

**Александар Николоски:** Благодарам и јас.

Би сакал да го поканам Зеќир Рамчиловиќ да се обрати, повелете.

**Зеќир Рамчиловиќ:**

Благодарам претседателе, почитувани екселенции, вице премиер, колеги пратеници, членови на Национален совет за евроинтеграции, почитувана јавност.

Извештајот на Европската комисија за 2021 година за Република Северна Македонија за мене преставува многу значаен документ кој што дава една реална престава за нашата држава од една друга перспектива и за нас треба да е важен инструмент кој ќе ни помогне на кои приоритети да се посветиме во различни области вклучително и за нашата работа како пратеници во Собранието. Во изминатиот период помина одредено време од кога излезе извештајот до денес имаше различни толкувања позитивни, но и за негативни забелешки нотирани во Извештајот на Европската комисија. На некои полиња се направени поголеми исчекори, на некои не, некаде сме поподготвени, некаде помалку подготвени, но да бидеме искрени во нашиот случај датумот за почеток на пристапните преговори за членство во Европската унија и независи многу од тоа, но на ова ќе се навратам подоцна.

Разгледувајќи го Извештајот може да се заклучи во сите кластери за сите области дека државата прави напори одреден напредок, одредено ниво на подготвеност, умерена подготвеност, добро ниво на подготвеност, во голема мера е во согласност со европските стандарди и имаме за некои области и ограничен напредок и слично, што се гледа и по оценките и по кластери и области за кои доволно е кажано и поединечно за секоја област и не би сакал да се повторува. Како што се коментираше и во јавноста така и денес на Комисијата дефинитивно различни се оценките, но она што е клучно дека според Извештајот на Европската комисија Северна Македонија има направено напредок е добро подготвена за

членство во Европската унија односно Комисијата останува на веќе познатите главни наоди и препораки во поглед на започнување на пристапните преговори. Но иако бележиме напредок особено во одредени поглавја, тој не се гледа во порастот на оценката за подготвеноста за преземање на обврските за членството или таа разлика е минимална во споредба со годините пред тоа, што беше и кажано. Но ова според мене се должи на долгиот период на самиот процес во кој што се наоѓаме и при тоа се врши континуирано менување на европското законодавство што некогаш делува и демотивирачки и не обезбедува имплус за реформи, а ние на пример во Собранието носиме закони чии делови односно членови од законот стапуваат во сила со нашето полноправно членство во Европската унија, што ако продолжи ваквата ситуација истиот закон најверојатно повторно и повторно ќе се менува. Демотивирачки е навистина, но факт е и сепак демократијата, уредувањето на едно општество и негово поефикасно функционирање и унапредување на животот на граѓаните е процес и тој никогаш не застанува и секогаш ќе има простор за подобрување и надградување и Собранието од тој аспект има капацитет да се носи со овие предизвици.

Според компаративните анализи со другите држави кои станаа членки последниве децении Македонија денес е поподготвена од било која друга држава која станала членка на Европската унија или најмалку барем кога ги почнувала преговорите. Од тука блокирањето на Северна Македонија за отпочнување на преговорите и одржување на првата меѓувладина конференција од страна на Бугарија во еден дел е поради недоволната ангажираност на некои членки на Европската унија и декларативната подршка што ја имаме. Морам да кажам дека бевме оставени да бидеме уценувани од страна на членка на Европската унија поради историски наративи. За историјата и настаните од минатото секогаш имало и ќе има полемики и несогласувања. Историчари од иста држава, дури и од ист народ па имаат несогласувања и тоа не е ново и нормално е.

Низ моево кратко политичко искуство поминав низ турбулентен период. Членките на Европската унија и вие тука како нивни преставници во Македонија сте свесни за нашите напори и жртви што ги направивме во остварувањето на нашите стратешки цели. Имам разговарано со многу ајде да кажам со тогашните носители на функции вклучени во креирањето на политиките на Европската унија и НАТО во насока токму во остварување на нашите стратешки определби и решавање на спорот со Грција како единствена пречка, потенцирам значи единствена пречка, ја додадовме придавката кон нашето име Македонија со цел стабилност, безбедност, просперитет и иднина врзани за членството во НАТО и Европската унија. Станавме членка на НАТО, но сеуште не ги започнуваме преговорите со Европската унија. Отворено и најискрено се прашувам и го поставувам прашањето, што направи погрешно Република Северна Македонија што се промени во еден ист период да немаме вето за НАТО, а да имаме вето за Европската унија. Овој дел од мојот говор не е дипломатски, но бидејќи сум учествувал како што кажав на многу средби и разговори морам да кажам дека Европската унија не направи доволно за да си го одржи зборот. Верувам дека е сега вистинската шанса тоа да се смени. Добро е што во Извештајот не се бара само од Северна Македонија добра волја, туку од сите страни, мислам на делот во Извештајот во кој се вели постојните билатерални договори вклучувајќи го и Преспанскиот договор меѓу Северна Македонија и Грција како и Договорот за пријателство, добрососедство и соработка со Бугарија треба да се спроведат со добра волја од сите страни.

Идентитетските и јазичните прашања историјата не можат да бидат дел од преговарачка рамка за прием на нашата држава во Европската унија или причина за блокада. Ние веруваме во европските принципи и стандарди кон кои се стремиме и затоа Европската унија преку своите механизми мора да го обезбеди нивното почитување. Јас верувам дека Европската унија има интерес да се прошири со земјите од Западен Балкан. До колку не почнат пристапните преговори се праќа погрешна порака до граѓаните не само во Македонија, туку и во целиот регион и тоа е големата слика. Ниту една земја не може да

функционира изолирано. Просторот кој го оставате ќе падне под други влијанија, а и сега има влијанија чиј центар не е во Брисел. Проблем што тие центри можат да предизвикаат деструкција и поголеми кризи кои најмногу ќе се одразат на Европската унија и на нејзините членки, а не само на државите во регионот. Ова во моментот ќе го поврзам најочигледно со ситуацијата во Босна и Херцеговина и тука е Европската унија мора да реагира порешително. Не е доволно само да се дебатира за состојбите во оваа земја и да се изрази загриженост како што тоа се случи пред 10 дена во Стразбур. Точно е дека мнозинството од вклучените тогаш во дебатата предупредија дека моменталната ситуација во Босна и Херцеговина може повторно да го разгори конфликтот во земјата и нивните стравувања се последица на изнесените планови на Милорад Додиќ кој има сериозни деструктивни интенции да направи криза која може да прерасне во конфликт објавувајќи планови за создавање на сопствена армија, независна даночна управа и судство на еден дел од суверена држава Босна и Херцеговина. Но за жал некои европски лидери како Орбан се среќаваат со Додиќ во знак на подршката на неговите националистички и сеционистички намери. Ситуацијата е повеќе од сериозна и мора да се направи повеќе за да се сочува територијалниот интегритет и суверенитет на Босна и Херцеговина. Се друго ќе има кобно по граѓаните, регионот и Европската унија. Вчера читав едно интервју на известувачот на Европскиот Парламент за Северна Македонија Илхан Ќучук, со чии ставови во најголем дел со едно се сложувам. Но, низ призма на односите помеѓу Северна Македонија и Бугарија вика, цитирам: Гледате колку се сложени односите на Балканот, кризата меѓу Бугарија и Северна Македонија може да се однесува и на кризата  меѓу Србија и Косово, меѓу Република Српска и Босна и Херцеговина, не треба да се гледа на тие случувања како на изолиран процес. Оваа негова реченица, според мене е страшна, бидејќи со неа се негира територијалниот интегритет и суверенитет на државата со сите нишани Босна и Херцеговина, недозволиво е да набројувате суверени држави и во нив да ја вбројуваат Република Српска, за решавање на едно внатрешно прашање на една држава не се помага на овој начин. ЕУ мора да преземе се, дипломатија, но и санкции против лицата и институциите кои ги водат и кој го поткопуваат територијалниот интегритет и Уставниот поредок на Босна и Херцеговина. Јас и како Бошњак и не како Бошњак туку и како пратеник на држава која има одлични билатерални односи со Босна и Херцеговина и кој целосно ја поддржува и го почитува нејзиниот територијален интегритет и суверенитет не можам ова да го премолчам и најостро го осудувам а во контекст на остварување на стратешките цели и напредокот на регионот. Значи, се работи за целиот регион, во кој Македонија во моментот има клучно значење, и затоа  е потребно започнување на преговорите на Македонија со ЕУ. Ние тоа го заслуживме, а со тоа јасно ќе испратите порака каде е иднината на целиот регион, на граѓаните ќе им ја вратите вербата во подобра иднина, а политиките кои се базираат на национализам и поделби, ќе бидат поразени од страна на граѓаните.

Сакав уште малку да позборувам за делот во Извештајот кој се однесува на малцинствата како што стои во него, во поглед на исполнувања на исполнување на обврските од Охридскиот рамковен договор, реформи во администрацијата и положбата на малцинствата, односно помалку бројните народи, но верувајте, нема да се задржам за тоа, најважно е и за помалку бројните народи како и за сите граѓани, за државата, ќе повторам, а со тоа и ќе завршам. Во интерес на граѓаните, стабилноста и напредокот на Северна Македонија, регионот и секако на Европската унија е да нашата државата ја одржи првата меѓу владина конференција и да започне пристапните преговори со Европската унија, јас сум оптимист, и верувам дека, сега Европската унија нема да направи погрешен чекор поради Македонија, поради граѓаните, поради регионот и поради цела Европа. Благодарам.

**Александар Николоски:**

Ви благодарам и јас. Би сакал да ја поканам госпоѓа Гордана Сиљановска Давкова да се обрати, и само да прашам: Дали има уште некој друг, кој што се пријавува за збор?

Добро, доколку нема, после професорката Сиљановска Давкова, потоа јас ќе се обратам. Благодарам.

**Гордана Сиљановска Давкова:**

Благодарам.

Инспиративна беше последнава дискусија. Знаете што? Се думам дали да кажам дека, Извештајот за Македонските состојби не е само Извештај за нас, туку е секогаш Извештај и за улогата на Европската унија во промената на сликата што постоела. Кога имате сега 12 извештаи, тоа станува веќе како што велат Французите „ Роман река“, маратон, литература и мислам дека, е време за размислување, се согласувам денеска со вицепремиерот, кога вели дека: Навистина е време за пристапни преговори. Јас очекувам таа идеја, тој потег, навистина да го направи ЕУ. Убедена сум дека демократијата се учи внатре а не со чекање, бидејќи навистина тогаш доаѓа до охрабрување на она на што уште на Солунскиот самит беше укажано и навистина е чудно толку години потоа јас да ги повторувам зборовите дека, ако не извезуваме мир и демократија тогаш постои опасност да увезуваме немир и либерална демократија. Значи, не сакам да звучам цинично, но деновиве го читав професорот Вајлер Џозеф од Харвард и тој вели дека, ЕУ мора да стане свесна дека и кандидатите и кандидатите за кандидати, сите оние географски и културно биле дел имаат што да кажат и што да внесат, дека тоа треба повеќе треба да биде дијалог одошто да биде само оценка од надвор. Значи, јас очекувам навистина ЕУ да го штити својот кредибилитет, и внатре и кон нас и во светот и да преземе чекори. Намерно нема денеска јас да се осврнувам на оценките, само ќе укажам на некои состојби, со најдобра намера, bona fide, зошто? Затоа што, мислам дека, читањето на Извештајот веднаш треба да значи дека, немаме ние време за коментари, веднаш треба препораките да значат промисла на состојбата и веднаш да почнеме да ги спроведуваме, како што слушаме дека идниот Извештај се пишува уште кога ќе биде овде примен, така јас на овој начин ќе постапувам во анализата. Се разбира ќе се задржам на областите за кои мислам дека ги познавам.

Да, мислам дека е добро што се воведоа скалила на оценување и да бидам искрена тука споредено со другите држави од регионот, ние сме некаде во средината, како што јас читам, во некои области поназад, во некои области понапред, во некои области во место, меѓутоа некаде во средината сме. Слично како што гледам овде е и кога се оценува напредокот, тука сме малку подолу, меѓутоа повторно споредено, бидејќи ние можеме да се споредуваме се разбира со државите слични на нас во регионот, мислам дека, кога би имале разбирање, би направиле и исчекор. Пред конкретно да кажам неколку зборови не можам а да не го кажам следново: Значи, историјата на Европската интеграција јасно покажала дека, земји кои што имале големи проблеми не со само авторитарно владеење, туку и со диктатури, кога биле разбрани, затоа што, понекогаш дури и да од Европскиот парламент, од Европската комисија, дилеми во Советот, довеле до тоа да се донесе позитивна одлука, мислам на Грција, да речеме случајот со Грција беше не Европски парламент, не, комисијата да, Советот, се покажа дека е тоа добар потег, слично се однесуваше Европската унија и кон Португалија и кон Шпанија и тоа беше одличен метод. Мислам дека и во однос на Балканот за да докаже дека ЕУ има стратегија а мора да има стратегија, ова е краен момент за исчекор и за отворање на пристапните преговори.

Реков дека, ќе зборувам за областите што ми се блиски, она што веднаш се разбира е кластерот 1, темелите, фандементоси. Што можам јас тука да кажам? Дека, мораме крајно време е наместо да сториме нешто, наместо оценки и од ОБСЕ и од ОДИХР и од сите набљудувачи дека изборите се добро менаџирани, дека се добро спроведени, да, инсистираме или да сториме нешто повеќе за да бидат квалификувани како фер и демократски избори, како жена тука имам голем проблем на овие избори, на локалните избори, наместо да се качи и лична одговорност можеби, процентот на жените градоначалнички, а не може да се качи ако ги немаше на кандидатските листи, па да, и тука

јас лична одговорност мислам дека имаме сите ние пратенички во овој Парламент и во поглед на составот на Владата, кога не би гласале машка Влада, замислете 20 и неколку министри со 4 жени, и со 2 заменички, говори и за нашата свест, мислам дека, тогаш би се однесувале поинаку. Се повтори приказната со локалните избори и треба нешто да сториме, беше зборувано овде, јас веднаш ќе кажам околу Собранието и колегата Пренџов и колегата Рамчиловиќ, целосно се согласувам. Заменик премиерот наведе некои закони, да, Македонија мислам дека, добро се однесува одговорно кон одлуките од што доаѓаат од Стразбур за разлика од нашите соседи, за разлика од нашите соседи, јас не гледам некакви санкции, бидејќи таму има пресуди едно чудо и мислев на Законот за лично име, можеби сум јас полиберална во ставовите од мнозинството овде, но мислам дека, треба и во случајот икс против Македонија навистина одговорно да се однесуваме. Голем критичар сум на носењето на закони по скратена постапка, не, не е доволно да се закитите со европско знаме, а да ги кршите европските правила, оти идејата е во редовна постапка, во инклузивно одлучување, со европско однесување, да пристапите кон донесување на закони. Не смееме да продолжиме да бидеме фабрика за закони, претседателот мора да почне да ги враќа законите кои што се со европско знаме, а нема внатре ниту директива ниту регулатива, туку има како што спомена мојот колега дека, некој член кој ќе стапи во сила кога ќе станеме членки на Европската унија, тоа не е добро, и ми се чини дека, бројот на законите доволно зборува. Ние носиме за година и пол повеќе закони одошто другите Парламенти за 4 години, јас сум голем критичар на оваа постапка. Да не заборавам, би сакала да се разгледува Извештајот и на Комисија за европски прашања, зошто со право тоа е упатен и до неа, но очекувам еве повик деновиве. Денеска беше споменато со право нешто што мене многу ме тангира, бидејќи покрај општествениот договор на Русо дека, треба да се зафатиме со она што Мишел Фера, го нарекува „Природен договор“, да внимаваме на природата, да ги заштитиме билките и животните, за да се заштитиме и себе си, многу ме радуваше неформалниот или ако сакате Извештајот во сенка, и го цитирав овие денови. Особено на забелешка во 27 дека, најголемиот дел од препораките претходни, не биле спроведени но и еден драматичен апел за дијалог со невладиниот сектор, ние тука имаме извонредни адвокати, од два и останатите невладини организации, и кога јас се повикувам на амандмани изработени во соработка со нив, не разбирам зошто нема разбирање за нивно усвојување. Голем, ви цитирав и вас, морам да кажам, бидејќи вашите зборови излегуваат токму од она што е напишано овде дека, дијалогот со невладиниот сектор, со граѓанското општество е многу важен, особено во оваа сфера. Да добиете одговор дека, програмата за зелениот развој,ќе ја донесе, не ми се верува, Генералниот секретаријат на Владата. Од каде нему надлежност за вакво нешто? Таков одговор добиваме ние од министерот за, морам да го цитирам, од министерот за финансии, јас прашувам, каде да ја прочитам таа програма? Бидејќи, мислам дека, ова што ние го предлагаме е навистина на линијата на зелената агенда. Се надевам дека ќе дојде до исчекор и овде.

Администрацијата, само еден збор, видете, јас имам целосно разбирање за она што се нарекува правична и соодветна застапеност, укажувам дека таа не може да биде само врз основа на етничка припадност, дека мора да водиме сметка и за начелото на хуманизам и солидарност како темелна вредност, што значи да водиме сметка и за претставеноста и на лицата со посебни потреби, на родовата претставеност, на половата претставеност, на социјалната претставеност, ако сакаме навистина да бидеме демократско општество. Мора да ставиме крај на партизираната администрација, во неа има извонредно посветени вработени и државната зборувам и во јавната, но меѓутоа факт е дека, најголемиот дел од таму се по партиски клуч, дури и на највисоките функции. И, во овој Извештај се констатира ако стручноста и компетентноста не се основниот критериум, стручните и компетентните ќе го фатат патот кон Брисел, како симбол на демократското општество а ние без нив не можеме да направиме реформи. Тие се Европјаните овде и навистина мислам дека треба да ставиме крај на ваквото однесување. Намерно зборувам за она што треба да го правиме,

само ќе одберам уште неколку теми кои ми се мене битни за фундаменталните права веќе реков, да, извонредно, ги донесовме двата многу важни закони и за спречување и заштита од дискриминација и за спречување и заштита од насилство, ама заборавивме дека, едно од најважните тела, комисијата има недоволно средства па добивме овде од Комисијата за заштита од дискриминација барање да водиме сметка дека без финансии не може да го реализираат она што го зацртале. Истото ни се случи, одлично е што интервениравме со амандман и со антикорупциската комисија. Па, вчера комисиски одлучивме да ги зголемиме средства бидејќи предизвиците пред нив се разбира бараат и финансиски средства. Што друго би сакала само да посочам? Да, вие рековте, ги споменавте некои закони кои што мора да се донесат, да речеме со Советот за радиодифузија и останатите, добро треба да размислиме околу составот на Советот, бидејќи ако двотретинското мнозинство бара да се усогласиме околу стручноста и компетентноста да ставиме, се плашам ако е тоа апсолутно мнозинство, навидум може ќе ја упрости процедурата за донесување на законот, меѓутоа ќе се одрази на квалитетот, а нам ни треба и таму да седат луѓе кои се стручни и компетентни, не кои се таму по партиски клуч. Ќе завршам значи, бидејќи има многу, многу теми кои што ние една по една ќе ги работиме овде но бидејќи, во Собрание седам. Добро е што во овој Извештај се потенцира дека, Собранието има серозен проблем со планирањето на обврските, јас и на почетокот и постојано велам дека, било која институција без календар не може да работи, мора, воз да е, па мора да има возен ред, значи ние сме редок Парламент во кој нема календар. Јас сакам да знам, кога има седници пленарни, кога има седници на комисиите, кога ќе можам да се сретнам со граѓаните, зошто сакам да се подготвам, не може да имате инклузиивен Парламент ако денеска дознавате за седница утре, и дознавате уште дека, па го има законот на ЕНЕР, да, ама јас не сум џубокс, честопати велам, па да притиснам и веднаш да влезам во законот, ми треба експертско мислење за одговорно да гласам.

И, најважното можеби, што овде исто така, е споменато, ако ние не сфатиме дека сме претставници на граѓаните и дека, гласаме по сопствено уверување, а не по партиски диктати, нема да може да постигнеме консензус. Многу тешко е бидејќи искуството со Буџетот многу работи открива. Не е убаво да кажам дека тоа е крајно невообичаено амандманите да се носат само во комисиите, јас предавам уставно и парламентарно право, таков пример не знам, на пленарна седница треба да се гласа за амандманите. Не може 8-мина наспроти 6-мина, замислете, каква битка, ретко се одважува некој да биде воздржан или да гласа поинаку. Тоа се зборува за една партитогратска слика која не е демократска. Каде што има партитогратија има клиентелизам, има корупција, има криминал.

Затоа мислам, убаво велите дека работите се решаваат дома. Мојата теза цинична дека со Ориент експрес не можете да стигнете во Брисел, туку ви треба модерен европски воз, мислам дека држеше, ама кога ние ќе се европеизираме овде и ќе станеме компарабилни и компатибилни, тогаш нема да има проблем за европското однесување.

Значи, го поздравувам Извештајот, погледот однадвор е пообјективен, но укажувам дека е и тоа поглед кон внатре, кон Европската Унија, дека е крајно време за исчекор, не само заради кредибилитетот на Европската Унија, не само заради тоа што европската идеја е обединувачка, го спомена заменик премиерот процесот Жан Моне, јас како жена велам, а дајте да отвориме процес Симон Вејл. Зошто? Бидејќи навистина, и во поглед на структурата на овој Парламент, дали се работи за потпретседателски места, дали се работи за претседатели на комисии, дали се работи за делегации, нема да забележите една изразена сензибилност за родова еднаквост. Не е тоа суета. Се откажувате од енергија, од ум, од знаење, од креација и затоа пак за утеха, тоа ми е последната реченица, очигледно е дека се заоструваат критериумите во Европската Унија. Очигледно е тоа. Тоа пак ве прави поупорни во работата. Слично е и со жените, и со лицата со посебни потреби и со ЛГБТ заедницата и со останатите, и затоа мислам дека, се надевам дека после овој Извештај ќе започнеме нова страница која ќе значи чекор напред во идеите на Шуман, на Конрад

Аденаруер, зашто се изморивме велејќи дека ние сме секогаш, сме биле историски културно дел од Европа, ама би сакале да придонесеме и во натпреварот, бидејќи имаме нешто што може да го внесеме таму, една автентична мултикултурна традиција и богатство, тоа е ми се чини, вредност, а, Европската Унија е политика само ако е заснована на вредности.

И уште еднаш, не можам, а да не заборавам, може да постигнете компромис за национални проблеми. Како ќе постигнете компромис за ирационални прашања. тоа е невозможно. Значи, треба помош не само во интер партерс процесот меѓу поинаков од на политичари од оваа и од онаа страна, туку, тука е потребна и медијацијата или ако сакам да кажам, европскиот збор. Зошто во спротивно не можете, значи, да градите добрососедски односи ако не се почитувате. Тоа е голем проблем. Благодарам.

**Александар Николоски:** Благодарам и јас.

Би сакал сега да го поканам господинот Џулијан Васало, заменик шеф на делегација на Европската Унија да се обрати. Повелете.

**Џулијан Васало:**

Благодарам претседател.

Би сакал да започнам со честитка до вас за тонот и за длабочината на дебатата која што се одвива во оваа просторија.

Амбасадорот Гир веќе му се обрати на овој комитет, а еве јас ќе ви се обратам за она што го слушнав денес.

Тука слушнав многу разбирлива и, за жал ќе констатирам, и одредено жалење, кое што се однесува во процесот на претпристапните преговори со Европската Унија. Исто така, ние ја чекаме преговарачката рамка врз основа на која што ќе започнеме, дека ќе продолжиме да работиме понатаму.

Тука се присутни и амбасадорите и она што сакам да го кажам е дека европските институции работат многу, многу силно и многу посветено на тоа да се разрешат процесите и разговорите меѓу Бугарија и Македонија кои што се многу важни и бидејќи тие се однесуваат и многу силно ги рефлектираат нашиот однос кон овие прашања и на некој начин не поттикнуваат да ја прикажеме нашата посветеност и нашиот кредибилитет. Еве, да кажеме дека сето ова е навистина непријатно ваквото одлагање на термините, бидејќи зголемувањето на Европската Унија не се одвива на тој начин кон ќе ви кажат сега, па ќе отиде за еден месец понатаму, после две години ќе добиете дека требало да биде пред 10 години. Во принцип процесот треба да оди дека тие преговори треба да почнат сега и да почнат согласно начинот како се поставени европските процеси за проширување. И, исто така тоа ќе им помогне на земјите не само да пристапат кон Европската Унија туку и да растат.

Во однос на сето ова би сакал да кажам неколку збора за Собранието и каде тоа доаѓа во целиот овој процес, бидејќи постои факт дека позиција и опозицијата соработуваа во донесување на одредени закони кои што се важни за пристапот кон Европската Унија. Ова е многу важно затоа што се однесува и на делот на политичка поларизација. Ова исто така ги споменува и постапките за брзо донесување, кратките постапки за донесување на закони и во тој дел би сакал да кажам, да укажам на тоа дека треба многу повеќе работа во овој сегмент, со цел за да се надмине целата оваа поларизација и исто така да се промени мислењето на јавноста и исто така да се прикаже дека процесот за евроинтеграција ќе биде многу подобро прифатен и спроведен во рамките на оваа институција.

**Александар Николовски:**

Благодарам.

Неколку заклучни согледувања и кратко да отворам една тема која што не беше досега спомената.

Благодарам уште еднаш. Многу беше кажано во однос на Извештајот, не би сакал тука дополнително да оптеретувам ниту времето, ниту дискусијата, сакам да се заблагодарам на сите за учеството и за придонесот.

Мислам дека е упатно Советот да одржи една фокусирана седница по Европскиот совет на 14 декември, без разлика каква ќе биде одлуката. Мислам дека треба сериозно да почнеме да зборуваме на тие теми како Совет. Јас се надевам дека одлуката ќе е позитивна, односно дека ќе се определи датум за почеток на преговори на Македонија со Европската Унија. Ако е така, треба да разговараме за чекорите кои што следат, но ако не се случи тоа, исто така мислам дека добро е во овој формат да поразговараме околу иднината на процесите.

Јас сум повеќе песимист. За тоа сум зборувал и во јавност, но нема сега таа тема да ја отворам, надевајќи се дека еве нема да излезам во право и дека на 14 декември ќе се случи, условно кажано чудо, односно дека Бугарија ќе се повлече од овие позиции кои што ги има сега.

Јас би сакал околу една друга работа да позборувам, која што не беше отворена денес во оваа дебата, а тоа е во однос на позиционирањето на Македонија во регионот и во однос на европските интеграции, но и во однос на внатрешните, пред се економски состојби.

Клучна придобивка од членството во Европската Унија, ако сакате и клучно барање и желба на граѓаните, кога ќе ги прашате на улица, зошто сакате државата да влезе во Европската Унија, се две работи. Како што велат тие, да има ред или преведено вака на наш овдека јазик, владеење на правото и сето тоа што го носи со себе. И второ, подобар животен стандард.

За владеење на правото сме зборувале многу. Ситуацијата е таква каква што е. Но, во однос на подобар животен стандард, имам чувство дека недоволно ја користиме и оваа позиција која што ние сега ја имаме во однос на Европската Унија.

За мене е несфатливо во услови кога нашиот сосед Србија, со сите геостратешки и геополитички флип флоп, односно танцувања по јаже кои што ги прави, да добие 600 милиони евра грант за брза железница, која што треба соодветно да ги поврзе Ниш, Белград, Нови Сад, Будимпешта и Виена, односно да се отворат кон Централна Европа со еден крак кој што надолу треба теоретски, преку Скопје, да оди до две големи пристаништа, до Солун и до Пиреја, Атина и на исток, нормално, кон Истанбул, а во Македонија за таа работа воопшто да не се зборува. Тоа е за мене несфатлива работа, да ние ја гледаме работата пред себе и да воопшто не зборуваме за истата и од Владата да нема никакви активности за таа работа. Видовме активности за киднапирање на пратеници, но не видовме активности за да се изгради брза пруга низ Македонија. Затоа што, факт е дека тоа ќе се случи. Прашањето е дали ќе оди по природниот пат, односно Ниш ќе се спушти надолу по Морава и по Вардар кон Солун, или од Ниш ќе оди десно кон Босилов Град односно Димитров Град и покрај Софија по Струма ќе се спушти надолу пак кон Солун. Вторава варијанта е 330 километри подолга, некаде три и нешто милијарди поскапа, но ако нема интерес во Македонија, ќе се оди на таа варијанта. Поразително е, да објават претседателката на Европската Комисија Урсула фон дер Лајен и претседателот на Србија, дека проектот завршува на граничниот премин со Македонија. Од граничен премин Македонија - Србија до Скопје се 40-50 километри, зависи трасата и логично ќе беше да се објави дека ќе оди минимум до Скопје. Причината зошто не оди до Скопје е затоа што нема проект. И тоа е едно јасно немање на визија за позиционирањето на државата во следниот период, кое што треба да овозможи многу поголема економска активност од ова што е сега. Не само заради транзитот на стока и на роба кое што ќе поминува низ Македонија, туку и заради развој на домашните компании, кои што сум сигурен дека побрзо ќе инвестираат во свои капацитети кои што ќе бидат блиску до брз транспорт, отколку да инвестираат во капацитети кои што робата не можат да ја извезат со денови до првата железница или до првиот нормален автопат.

И втората тема за која што воопшто не се зборува во овие наши така убави дискусии и добри желби со слаба реализација е, енергетската криза која што не, ќе дојде, туку е дојдена. Значи се бега од темите, се избегнуваат темите.

За мене е несфатливо, Македонија од држава која што пред не многу години можеше комплетно да си обезбеди енергетска независност, да дојдеме во ситуација да сме целосно увозно зависни. И не само што сме целосно увозно зависни, туку во вакви ситуации се покажува колку е битно да имам домашно производство. А нема и никаков план за рестартирање на домашното производство. Се сведува на некои ад хок решенија, повеќе кои што изгледа дека се носат во една панична игра, ќе се рестартира ТЕЦ Осломеј, ќе се рестартира Неготино, ќе се купува јаглен за РЕК Битола, затоа што не се копаше претходно од постојните капацитети, кои што како што гледаме, од никаде нема да се купи, затоа што сите си ги чуваат за дома, а компаниите се соочуваат со огромни проблеми. Тоа ме води кон следните две дискусии, а тоа е, прво, доколку остане оваа ситуација, ние џабе овдека ќе зборуваме за Европската Унија, ќе пропадне македонското стопанство и ќе одиме на невработеност, веројатно 10% повисока од оваа што ја имаме сега и тогаш, и да се определи датум за почеток на преговори на 14 декември, не гледам што многу ќе смени во подобриот животен стандард на граѓаните. Напротив, истиот ќе се влошува и последиците, мислам дека ќе се бидат толку големи да ќе требаат години, години да се вратиме на нулта точка на која што сме сега.

И втората работа е, како можеме да помогнеме тука. Има два податоци како може да се помогне. Прво, ние презентиравме план пред два дена, кој што значи еден пакет од 150 милиони евра кои што државата треба да го определи и кој што треба да помогне на граѓаните и на компаниите за надминување на таа дупка помеѓу сегашната цена за граѓаните на електрична енергија и доскорешната цена за компаниите за електрична енергија, затоа што плаќаат по нова и она што би било нова цена, како и субвенционирање на парно греењето онаму каде што го има, во случајов, главно во урбаниот дел на Скопје, затоа што имаме проблеми со гасот кој што ќе оди три до четири пати нагоре и од 1 јануари и цената на парното да оди барем два и пол до три пати нагоре, ако се оди во пазарни услови.

За тоа збор не слушаме, а проблемот ќе се случи, еве го, денеска е 3 декември, за помалку од месец дена доаѓа Нова Година и доаѓаат овие проблеми пред нас, така што, мислам дека сериозно треба да поразговараме, тука имаме претставници и на коморите и на синдикатите, за овој пакет кој што го предлагаме од 250 милиони евра, кои што колку, толку треба да го залечи проблемот. Далеку од тоа да го лечи. Како е ова поврзано со Европската Унија? Јас ви гарантирам, знам дека некогаш изгледа дека пред време зборувам или дека кажувам црни сценарија и знам дека ова што ќе го кажам сега, на многумина нема да им се допадне, особено од меѓународната заедница, но јас ви гарантирам дека доколку ние останеме како држава неми, а немаме никаква помош од земјите членки на Европската Унија, во период помеѓу 15 јануари и 15 февруари, кога ќе почне градот да мрзне и кога ќе почнат да колабираат компаниите тука, други играчи ќе почнат да се шетаат тука и да нудат евтин гас и евтина струја, на начин на кој што тоа се прави веќе во регионот.

Гледате две посети кои што се случуваат во овој момент од соседни држави, за едната зборуваше колегата Рамчиловиќ, кои што одат и добиваат цени на гас какви што сега. Тоа не се прави ниту од добра волја, ниту се прави од вака едни хумани причини, уште помалку се прави само за тие две земји. И она што се случуваше со вакцините, тоа е само показна вежба за ова што се случува со гасот и со енергијата. Значи, ако Македонија, за жал, беше последна која што добив вакцини, од две причини, едната е корупција, ја знаеме, ја зборувавме, ама втората затоа што до крај веруваше во КОВАКС механизмот кој што се распадна и граѓаните одеа со автомобили да се вакцинираат во Србија, ми е страв дека сега ќе доаѓаат тука други да нудат поевтина електрична енергија и гас, во замена за некакви други политички поволности.

Знам дека ова звучи на многумина нереално, знам дека можеби и не е политичка опортуна, ако сакате и за мене како политичар и за мојата политичка партија, во услови кога сме на чекор до предвремени парламентарни изброи и формирање на владино мнозинство, но е фер да го отворам, затоа што секогаш ми е таков пристапот да зборуваме отворено пред граѓаните за проблемите, а тоа е дека се соочуваме со сериозна енергетска криза, која што ќе не донесе до сериозни геополитички замки во целиот регион, кои што не треба да се потценат.

И ова не го мислам само за Македонија: Албанија до денес има потрошено една милијарда евра на увоз. Прашање е уште колку ќе можат да издржат, затоа што главното производство им е хидро. Хидрото главно им доаѓа од македонските водни ресурси, пред се, од целиот базен на Охридското Езеро. Гледаме како е состојбата и на Глобочица и на Дебарско Езеро и оној базен што доаѓа од Мавровско Езеро. Тој, после тоа оди во Црн и Бел Дрим кој што се спојуваат. Гледаме дека таму паднат е капацитетот. Досега потрошија милијарда, прашање е уште колку ќе имаат да потрошат. Во Босна и Херцеговина ќе имаме црно, бело игра. Едниот дел ќе има евтина струја и гас, другиот дел ќе има скапа струја и гас. Слично ќе се случува веројатно и во Хрватска. Слично ќе се случува и со Косово и со Црна Гора. Ова се сериозни прашања на ко што ние мора да се посветиме и да наоѓаме одговори, прво.

И второ, мојата критика до Владата тука е насочено во делот, не може целокупниот процес на евроинтеграции да се сведе на разговори за Гоце Делчев, Даме Груев, Јане Сандански, Илинденско востание, и што ти не таму, со бугарските колеги. Себе станавме досадни, нив им станавме досадни, на партнерите од Европската Унија им станавме досадни. Јас знам дека е најлесно да се кренат рацете, на 14, добро не добивме датум, ајде ќе видиме сега во март што ќе биде. Во меѓувреме, нема никаква активност ниту од Министерство за надворешни работи, ниту од Секретаријатот за европски прашања, да се излезе во пресрет на овие предизвици и истите да се решаваат. Благодарам на сите.

**Александар Николоски:**

Дали некој друг бара збор?

Ако нема, би сакал на сите да ви се заблагодарам за присуството, па се гледаме некаде после 14-ти декември. Благодарам.

Седницата на Националниот совет за евроинтеграции заврши во 12.04 часот.